**20131884650**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗАЕМ, НАМЕНЕТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ - IV ФАЗА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА И МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор за обезбедување на заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - IV фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2013 година.

Бр. 07-5148/1
27 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗАЕМ, НАМЕНЕТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ - IV ФАЗА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА И МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

Член 1

Република Македонија го гарантира исполнувањето на обврските од Финансискиот договор за обезбедување на заем за Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - IV фаза во износ од 100.000.000 евра, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот, доколку Македонската банка за поддршка на развојот не ги исполнува и сервисира обврските во рокови и услови предвидени во Финансискиот договор.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Финансиски договор кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и

Македонската банка за поддршка на развојот по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - IV фаза.

Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Финансискиот договор од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги намирува Македонската банка за поддршка на развојот од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Финансискиот договор.

Член 4

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се повлекува во 15 транши. Минималниот износ на траншата изнесува 5.000.000 евра.

Рокот за отплата на секоја транша од заемот може да изнесува од најмалку четири години до најмногу осум години од датумот на повлекувањето на траншата, со вклучен грејс период кој може да биде меѓу 60 дена и две години од датумот на повлекувањето на траншата.

Рокот за отплата на заемот ќе се одреди за секоја транша одделно на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Македонската банка за поддршка на развојот.

Траншата може да се отплати и еднократно на ден кој е меѓу три и пет години од денот на повлекувањето на траншата.

Член 5

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Македонската банка за поддршка на развојот, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или варијабилна).

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Финансискиот договор и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Македонската банка за поддршка на развојот ќе склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".